**УГОТУР Акционерско друштво за организирана**
**исхрана,угостителство и туризам,**
**агенциско работење и трговија**
**Бр. 047**
**11.04.2018**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 81 од Статутот на Уготур Акционерско друштво за организирана исхрана, угостителство и туризам,агенциско работење и трговија, а во согласност со член 417 став 3 и член 383 став 1 точка 1 од Законот за трговски друштва, Собранието на својата седница одржана на ден 11.04.2018 година усвои

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА УГОТУР АД Скопје

**(1) Се дава согласност да се извршат измени на Статутот на УГОТУР АД Скопје и тоа како следи:**

**Член 1**

Во член 39 во став 1 бројот 4 (четири) се заменува со број 3(три).

**Член 2**

Во член 39 став 2 бројот 2 (два) се заменува со бројот 1 (еден).

***Од вкупниот број на членови, 1(еден) е неизвршен, 1 (еден) е независен неизвршен член и 1 (еден) член е извршен.***

**(2) Одлуката за измена на Статутот влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Собранието на Друштвото.**

**(3) Се овластува Одборот на директори по донесувањето на оваа Одлука од страна на Собранието на Друштвото да подготви пречистен текст на Статутот на Друштвото.**

**Годишно собрание на акционери**
**на Уготур АД Скопје**
**Претседавач**

"УГОТУР" СКОПЈЕ

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со оглед на фактот што еден од членовите на Одборот поднесе оставка во периодот помеѓу двете собранија на акционери и истата е спроведена во Централниот регистар, Одборот работеше во состав од три члена. Имајќи предвид дека Одборот успешно ја вршеше својата работа и со намален број на членови при што во целост ги исполни потребите и обврските при управување со друштвото се донесе одлука како во диспозитивот.